***ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ***
***за 2020***

*ЗДРУЖЕНИЕ ЗА КУЛТУРА И РАЗВОЈ НА КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ*
*КУЛТ - ТРАНЗЕН*

*Содржина:*

*За Здружение за култура и развој на креативни индустрии КУЛТ-ТРАНЗЕН (Струмица)*

- *опис на здружението*
- *визија*
- *мисија*
- *главна цел*
- *стратешки цели и програми*

*Имплементирани проекти во 2020*

*Активности на Здружението во 2020*

*Финансиски извештај за 2020*

# <u>ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО КУЛТ - ТРАНЗЕН</u>

*ОПИС НА ЗДРУЖЕНИЕТО*

Здружението за култура и развој на креативни индустрии Култ-Транзен е граѓанско здружение, основано на 17 Јануари 2014 година во Струмица, со ЕМБС 6925863 под името Здружение за култура и развој на креативни индустрии Култ-Транзен.

Здружението е со седиште во Струмица, но своите активности ги реализира на целата територија на Република Македонија, особено е активно во Југоисточниот дел на Македонија.

Здружението брои околу 10 членови кои се активно вклучени во активностите на организацијата. Здружението за култура и развој на креативните индустрии КУЛТ-ТРАНЗЕН располага со квалитетен кадар од областа на културниот менаџмент, интеркултурниот дијалог и заштита на материјалното и нематеријалното културно наследство како и соодветни уметници кои досега имаат работено во инклузивни програми, затоа сметаме дека организацијата е доволно спремна и оспособена да спроведе еден ваков проект. Организацијата располага со високо квалификуван кадар од областа на културен менаџмент и културни политики, претседателот на организацијата а воедно и проектен менаџер со завршени магистерски студии по културен менаџмент и културни политики на УНЕСКО катедрата по културен менаџмент и културни политики во Белград, но исто така се има стекнато и со Европска Диплома по Културен Менаџмент – организирана од Асоцијацијата Марцел Хиктер од Брисел под покровителство на Советот на Европската Унија и УНЕСКО. Претседателот и главен координатор на организацијата има десет годишно искуство во проектиниот менаџмент и досега има имплементирано над десет проекти од најразлични области (демократија, човекови права, превенција од дрога и алкохол, култура), има земено учество на над 20 меѓународни конференции, семинари и тренинзи. Организацијата исто така располага со други активни седум члена кои работат на волонтерска основа или хонорарно. Членовите на организацијата се исто така високо квалификувани кадри од областа на уметноста, литературата, театарската уметност.

ВИЗИЈА

Организацијата да стане препознатлива во креирање на услови за подобар културен развој во државата.

## МИСИЈА

Мисија на организацијата на организацијата е да придонесе кон демократизација и децентрализација на културата преку овозможување на единствена културна програма во локален контекст и пристап до култура на сите граѓани како и придонес и креирање на локални, регионални и национални културни политики, организирање на локални културни уметнички настани и придонес во заштитата на културното наследство

## ГЛАВНИ ЦЕЛИ

- *Развивање на културните политики на локално и национално ниво;*
- *Афирмирање на независна културна сцена и алтернативни практики во културата;*
- *Промовирање и негување на традиционалните културни вредности;*
- *Развивање на креативни индустрии;*
- *Анимирање на младите и маргинализирани групи и нивна инклузивност преку културата и уметноста;*
- *Развивање на културата и уметноста;*
- *Поттикнување на истражувачката дејност од областа на етнологијата, етнографијата и културните политики во земјата и регионот*

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРОГРАМИ

Согласно стратешкиот план 2016-2020 година, стратешки цели и програми на здружението се:

- Институционален развој на Здружението (Јакнење на сопствените капацитети);
- Демократизација и децентрализација на културата;
- Меѓународна соработка;
- Развој на креативна економија;
- Зачувување на културното наследство;
- Создавање на имиџ на организацијата и нејзино препознавање од страна на граѓаните.

# ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2020

***„Поголема транспаретност-поголема доверба"-*** Овој проект имаше за цел да ја зголеми транспарентноста и отчетноста на организацијата преку јакнење на внатрешните капацитети на организацијата како и развивање на алатки за подобро информирање на јавноста и нашите конституиенти.

Во шест месечниот период на имплементација на овој проект Транзен спроведе повеќе активности со кои се исполнија целите на проектот, од кои како главни активности кои имаа најмногу импакт врз остварување на целите на проектот беа:

- *Редизајн на постоечката веб страна на организацијата*. Со реализирањето на оваа активност се овозможи веб страната на организацијата да биде опремена со нови категории и алатки со можност за прикачување на публикации и извештаи кои како документи достапни на јавноста придонесуваат при зголемена транспарентност, препознатливост и зголемена видливост на организацијата и нејзината работа.
  Линк од веб страната на организацијата: http://tranzen.com.mk/
- *Истражување за самопроценка на организацијата преку вклучување на конституентите во процесите на донесување на одлуки на организацијата.* Со спроведување на оваа истражување во кое беа опфатени 100 конституенти, организацијата имаше можност да ја зголеми партиципативноста и комуникацијата со своите конституенти како и да ги вклучи истите во процесите на донесување на одлуки во организацијата. Од повратните информации кои ги добувме од овој процес, исто така произлегоа и приоритетите на организацијата како и годишниот работен план на организацијата.
- *Организирање сет обуки за внатрешно јакнење на организациските капацитети.* Во склоп на активностите беа и спроведени два сета од дво-дневни тематски обуки од страна на надворешни експерти за јакнење на внатрешните капацитети на органиацијата на темите:
  - Зголемување на транспарентност и отчетност на организацијата преку подобрување на внатрешни системи и процедури за известување; и
  - Користење на он-лине алатки за подобрување на транспарентноста на организацијата.

Со остварување на овие активности се зголеми транспарентноста и отчетноста на организацијата и овозможи нејзината видливост и препознаеност од сите релевантни актери во општеството да биде на едно повисоко ниво од една страна, а од друга страна го зголемува нашето влијание во јавноста за делување во контекст на промена на јавните културни политики, стекнување на нови партнерства како институционални и вон-институционални и подобрување на амбиентот во целокупниот развој на културата во државата. Воедно со имплементацијата на акивностите, внатрешните капацитети на истата се подобрија со што на долгорочен план организацијата се здоби со самоодржливост на самата организација и проектот.

Проектните активности беа спроведувани од: 01.06.2020 до 01.11.2020. Истиот беше финансиран од програмата „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓанските организации“ која ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС). Програмата е финансирана од Европската Унија.

***“Инспирација од изолација – уметничка реинтеграција“*** – Овој проект има за цел унапредување на локалните културни политики и креирање на конкретни мерки за развој на кулурата, со што би се дало значаен придонес во одржувањето на локалната културна сцена во време на пандемија предизвикана од Ковид-19, како и поттикнување економско зајакнување преку ангажирање млади уметници за креирање културни содржини и продукти кои работат и живеат во о.Струмица. Резултатите од ангажманите на овие уметници придонесуваат за заживување и одржливост на културниот живот во самата општина во време на пандемија. Реализирани активности во текот на 2020 година во склоп на овој проект се:

- *Креирање на музички спот за локален музички артист или група.* Оваа активност која се спроведуваше во првите три месеци од имплементацијата на проектот резултираше со ангажман на повеќе млади уметници од различен профили. Финалниот продукт беше промовиран во јавноста преку споделување на самиот спот преку социјалните мрежи и останати стриминг платформи. Се работи за поддржка на авторската песна „Несебна“ од младата артистка Јасна Трпкова.
  Во прилог финалниот продукт: https://www.youtube.com/watch?v=LtegtjykN9Q&ab_channel=Jazzna
- *Истражување за состојбите на културата на ниво на Општина Струмица во време на пандемија на Ковид – 19.* Во ова истражување беа опфатени **100** испитаници со цел да се увидат потребите на публиката, следењето културни настани за време на пандемијата од една страна и уметниците на локално ниво и со кои проблеми се соочуват за време на пандемијата од друга страна, како и нивото на одржлвост на културата и културната сцена за време на пандемијата.
- *Подготовка и реализација на изложба на локални уметници*. Првата фаза од оваа активост почна со имплементација во месец ноември 2020 година и е планирано да биде финализирана во првото тромесечие од 2021.
- *Подготовка и реализација на поетско читање*. Првата фаза од оваа активост почна со имплементација во месец декември 2020 година и е планирано да биде финализирана во првото тромесечие од 2021.

Активностите на овој проект е планирано да се изведат од период од 8 месеци односно започнаа со имплементација 01.08.2020 и е очекувано да финализираат 31.04.2021. Овој проект е финансиран од програмата Г1 на о.Струмица.

***<u>Изложба - „Автопортрет во самоизолација“</u>*** . Оваа активност претставува дел од третата изложба „Несовршен простор“ која е финансиски поддржан од Министерството за култура. Изложбата се одржа во култиниот клуб „Нагоре“ во Струмица, а нејзиното отворање беше на 22 јули и беше отворена за посетители еден месец. Во склоп на оваа активност се додели и откупна награда од 30.000 денари која ја доби уметникот Владимир Илиевски со делото „Автопортрет со був“. Наградата како и секоја година е симболична статуетка „Златен лист“во чест на професорот Владимир Георгиевски.
Медиумска покриеност на настанот:



***<u>„Програма за поддршка на граѓанско општество - Цивика Мобилитас, проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), претставен од Швајцарската амбасада во Република Северна Македонија, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ) – институционален грант</u>***
Во склоп на овој институционален грант, Здружението за култура и развој на креативни индустрии Култ-Транзен почна со имплементација на серија активности почнувајќи од втората половина на 2020 година.

- *<u>Приоретизација на проблемите во културата на локално ниво.</u>* Со оваа активност се спроведе истражување за активните културни политики на локално ниво кое исто така го опфати и раководењето со локалните и национални културни установи. Истражувањето беше спроведено во периодот од 23.08.2020 до 23.09.2020, и во истото беа опфатени 100

испитаници. Извештајот од истиот може да се види на следниот линк : http://tranzen.com.mk/documents-category/publikacii/

- *Реализација на концерт на локална музичка група.* Во делот на децентрализација на културата во југоисточниот дел на Македонија на ден 12.09.2020 година во Амфитеатарот во градски парк Струмица беше одржан концерт на локалната музичка група „*Дактили*“ кои го промовираа нивниот прв авторски албум „*Рандом дестинација*“ . На самиот настан кој беше одржан на отворено беа присутни околу 70 луѓе. После струмичката публика „*Дактили*“ се претсставија во Скопје со настан во МКЦ. За време на концертот беше снимен и музички спот




Спотот беше промовиран на социјалните медиуми и останати стриминг платформи и истиот може да се погледне на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=LkN_FrozDrc&fbclid=IwAR05inT_TM4rZp9E3D9yPRFw-1xbcIN4qso3Jr8MDaZi0S6PjN4gTpZBYbs&ab_channel=DAKTILI

- *„Штркот и змијата“.* Во делот зацврстување на соработката со локалната самоуправа и граѓанскиот сектор со цел придонес кон развој на локалната заедница, во с. Колешино која се наоѓа во о. Ново Село, беше изложено склуптурното дело „*Штркот и змијата*“ на авторот – уметникот Никола Пијаманов. Со поставување на оваа склуптура авторот и здружението испратија порака за зачувување на животната средина бидејќи овој регион стана еден од битните точки за отварање на рудници и сеуште се води кампања за зачувување на природата. Склуптурата не е само уметничко дело туку и симбол на секојдневната борба за зачувување на животната средина.



*„Се’ е тука“.* Во делот на децентрализација на културата и поддржка на независната сцена, како и обезбедување социо-економско зајакнување на културните работници, беше реализирано монументално дело-муралот *„Се’ е тука“* на авторот и уметник Владимир Илиевски, чиј мурал најде место во самиот центар на градот. Муралот беше реализиран во соработка со Комерцијална банка А.Д. Скопје, кои го отстапија ѕидот од зградата на нивното претставништво во Струмица.



*Реализација на театарска претстава „Каин“.* Во делот на децентрализација на културата и поддржка на независната сцена, како и обезбедување социо-економско зајакнување на културните работници, беше реализирана театарската претстава „*Каин*“, работена според драмата „Каин“ од Џорџ Гордон Бајрон и делови од „Загубениот рај“ на Џон Милтон. Истата беше поставена и режисирана од младиот режисер Дејан Ангелов, а во улогите на главните протагонисти во истата се најдоа младиот актер Саше Урдовски (Каин) и актерот Стојан Велков Трн (Луцифер). Музиката за претставата исто така беше авторско дело на младиот музичар Ставре Ангелаков. Претставата премиерно беше одиграна на 27, 28 и 29 ноември 2020 година. Со реализацијата на претставата здружението оствари соработката со бизнис секторот. Претставата беше изведена во голема хала на „Ројал Парк“ и беше посетена од 120 лица во трите дена.



## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

***Приходи:***

*Министерство за култура........................................................................ 62.000 МКД*

*Општина Струмица..............................................................................196.446 МКД*

*Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).................172.724 МКД*

*„Програма за поддршка на граѓанско општество - Цивика Мобилитас, проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ) .................. 934.612 МКД*

***Расходи:***

*Министерство за култура ........................................................................68.642МКД*

*Општина Струмица .............................................................................90.449МКД*

*Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС).......................220.606МКД*

*Програма за поддршка на граѓанското општество – Цивика Мобилитас, проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ)....................... 650.858МКД*

*Канцелариски материјал .......................................................................... 9.433 МКД*

.

*Вкупно ........................................................................... 1.039.988 МКД*